Државен инспекторат за животна средина
http://www.sei.gov.mk/

Решение бр. ИП1-08-118
Датум 10.04.2023година
Државниот инспекторат за животна средина преку Главен водостопански инспектор Лидија Зафировска, со службена легитимација број рег.бр.06-0021 од 19.02.2020год, изврши редовен инспекциски надзор над субјектот за инспекциски надзор Друштво за производство и трговија БУЛМАК 2016 ДООЕЛ Пробиштип -Подружница рудник Подружница рудник Злетово со седиште Ул.„Јаким Стојковски" бр.2 Пробиштип застапувано од управител Илија Горанов Илиев и со Записник број ИП1-08-118 од 10.04.2023 година, ја утврди фактичката состојба и врз основа на член 230 став 1 став 2 став 3 , член 28,126 и 198 од Закон за води („Службен весник на Република Македонија" бр. 87/2008, 6/2009, 161/2009, 83/2010, 51/2011, 44/2012, 23/2013, 163/2013, 180/2014, 146/2015 и 52/2016 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 151/2021)., го донесе следното

## РЕШЕНИЕ

1) Се задолжува субјектот на надзор Друштво за производство и трговија БУЛМАК 2016 ДООЕЛ Пробиштип -Подружница рудник Злетово да постапи по Елаборат бр. 03-1347/1од 26 април 2022 за анализа и стабилност и функционалноста на браната Скрдово Пробиштип.
2) Рокот за извршување на изречената инспекциска мерка од точка 1 на ова решение, изнесува 90(деветдесет) дена од приемот на решението.
3) Субјектот на инспекциски надзор од точка 1 на ова решение, е должен веднаш по истекот на рокот определен за извршување на инспекциската мерка, а најдоцна во рок од три дена, писмено и/или по електронска пошта, да го извести инспекторот дали е извршена инспекциската мерка.
4) Жалбата изјавена против ова решение, не го одлага неговото извршување согласно член 240 став 6 од Закон за води. При поднесување на жалба потребно е да се доставaт во прилог на жалбата целокупната приложена документација во копија верна на оргинал наведена во образложение од ова решение

## Образложение

Државниот инспекторат за животна средина врз основа на член 230 став 1 став 2 став 3 , член 28,126 и 198 од Закон за води („Службен весник на Република Македонија" бр. 87/2008, 6/2009, 161/2009, 83/2010, 51/2011, 44/2012, 23/2013, 163/2013, 180/2014, 146/2015 и 52/2016 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 151/2021).преку Главен водостопански инспектор Лидија Зафировска, со службена легитимација број рег.бр.06-0021 од 19.02.2020год, изврши редовен инспекциски надзор над субјектот на инспекциски надзор надзор Друштво за производство и трговија БУЛМАК 2016 ДООЕЛ Пробиштип -Подружница рудник Злетово со седиште Ул.„Јаким Стојковски" бр.2 Пробиштип застапувано од управител Илија Горанов Илиев и со Записник број ИП1-08-118 од 10.04.2023 година, во кој е констатирано: Рудникот Злетово користи јамска вода за технолошкиот процес во флотација и воедно при недостиг на вода зафаќа вода од градски водовод со ЈКП Пробиштип. Има оперативен план за заштита од поплавен бран бр.03-2713/1 од 20.09.2017год. за хидројаловиште Скрдово кој има позитивно мислење од центар за управување со кризи бр.14-2776/2 од 24.11.2017год. Има позитивно мислење од Дирекција за заштита и спасување бр. 09-1027 од 27.04.2017год. од Министерство за животна средина и просторно планирање има мислење бр.11-1774/2 од 21.06.2017год. На хидројаловишната брана има поставено белеги согласно оперативен план за заштита од поплавен бран. Непосредно до круната на браната во опсегот на поставените белеги се исфрла отпад од Јавно комунално претпријатие. На оваа локација затоа што се нарушува концесискиот простор на хидројаловиштна брана како и зафатот на поплавниот бран. Правното лице има Елаборат бр. 03-1347/1од 26 април 2022 за анализа и стабилност и функционалноста на браната Скрдово Пробиштип со придружните објекти и стабилноста на теренот околу браната и езерото за 2021год. Доставен е до надлежно министерство со допис бр.03-1357/1од

26 април 2022 изработен од Геинг ДОО Скопје и истиот е одобрен од страна на министерството. Согласно овој елаборат за анализа и стабилност на брана Скрдово потребно е да се извршат следни активности:

-Да се постави рампа и известување за забрана на депонирање на смет во концесиски простор те во близина на хидројаловишна брана и опфат на белеги согласно оперативен план за заштита од поплави и рушење на брана Скрдово. Потребно е да се информираат надлежните институции (ЈКП "Никола Карев", општина Пробиштип и Министерство за животна средина и просторно планирање) за оваа појава со цел да се спречи понатамошно депонирање, од страна на ЈКП Никола Карев да се изврши дислокација на постоечките отпад поради тоа што депонијата е во рамки на зоната на пропагација на поплавниот бран кој ќе се генерира при евентуално уривање на хидројаловиштето. Комунален отпад кој се носи со камиони од страна на ЈКП Никола Карев може да има негативни последици и за хидројаловиштето Скрдово, односно можно е водите од овој отпад да се слеваат во ножичниот дел од песочната брана и да вршат загадување на дренажните или колекторските води, а можно е и разнесување на отпадот на поширокото подрачје на ножичниот дел на песочната низводна брана.

-Во 2020 година од страна на Градежен Факултет - Скопје е изработен Проект за траен преливен орган на хидројаловиштето Скрдово. Овој преливен колектор е предвиден за изведба на возводната страна на хидројаловиштето Скрдово. Да се изведе трајниот преливен орган (колектор) согласно проектната документација за затварање на хидројаловиште;

-да се изврши усогласување на геометријата на песочната низводна брана, а потоа да се изврши рекултивација на песочната низводна брана (за која активност Инвеститорот има обезбедено документација), со цел спречување на еолска ерозија на бранатa;

-По однос на транспортот на флотациска јаловина преку армирано-бетонските каналетки, може да се каже дека се регистрирани одредени оштетувања на каналетките (поради истрошеност) да се изврши замена или санација на оштетените каналетки;

- да се продолжи со рециркулација на водата од акумулацијата (таложното езеро), со цел искористување на што поголем дел од водата во погонот флотација, а со тоа што би се испуштале помали количини на вода да се испуштаат во Киселичка Река;

-По однос на квалитетот на водите кои се испуштаат од флотациското јаловиште од проби кои се земени од излезот на водата од колектор и дренажа, односно измешани води од колектор и дренажа. Од доставени на увид резултати бр. 03-128 од 14.03.2023год. за квалитетот на водите кои се испуштаат од јаловиште Скрдово може да се констатира дека има одредени отстапувања по однос на дозволените гранични вредности согласно А-ИЕД (А интегрирана еколошка дозвола)

Потребно е да се инсталира систем за осветлување на хидројаловиштето Скрдово

Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивотна ова решение.

ПРАВНА ПОУКА

Против ова решение незадоволната странка може да изјави жалба до надлежниот орган за одлучување во втор степен, во рок од 15 дена од приемот на решението.

Решено во Државен инспекторат за животна средина под број ИП1-08-118 од 10.04.2023година

Главен водостопански инспектор
Лидија Зафировска
рег.бр.06-0021 од 19.02.2020год